**20192033213**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 206 став (1) алинеја 4 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/14, 116/14, 33/15, 5/16, 127/16, 142/16, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 108/19), министерот за внатрешни работи, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА СЕЛЕКЦИЈА И ИЗБОР НА ЛИЦА КОИ ЗАСНОВААТ РАБОТЕН ОДНОС ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Во Правилникот за начинот на селекција и избор на лица кои засноваат работен однос во Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/15), во членот 1 по зборовите „полициски службеници“, запирката и зборовите „овластени службени лица за безбедност и контраразузнавање “ се бришат.

Член 2

Во член 14 во ставот (1) зборовите „надлежна организациска единица во Министерството“ се заменуваат со зборовите „Агенцијата за национална безбедност“.

Член 3

Во член 15 ставот (1) се менува и гласи:

(1) Здравствените прегледи за проверка на здравствените и психофизичките способности на кандидатите се вршат од страна на Здравствена комисија формирана од министерот за внатрешни работи, согласно прописите за здравствените и психофизичките способности што треба да ги исполнува лицето кое заснова работен однос во Полицијата, начинот на нивно утврдување и начинот на контрола на здравствената и психофизичката способност на полициските службеници, односно прописите за здравствените и психофизичките способности што треба да ги исполнува лицето кое заснова работен однос во Министерството, начинот на нивно утврдување и начинот на контрола на здравствените и психофизичките способности на работниците со статус на овластени службени лица за вршење стручни работи, како и начинот на работа на здравствената Комисија.“.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 13.1.1-75544/1 | Министер |
| 27 септември 2019 година | за внатрешни работи, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |